08.07.2015г.

**О Д Л У К А**

**за запирање на постапката по предметот- Артан Груби VS емисијата „Миленко Неделковски шоу“**

До Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на ден 06.03.2015 година, лицето Артан Груби поднесе жалба за емисијата „Миленко Неделковски шоу“ емитувана на телевизија Канал 5 на 13.02.2015 година. Груби во жалбата тврди дека информациите пласирани во емисијата содржат елементи на навреда, лага и неетичко известување.

Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, веднаш по приемот на жалбата, истата ја препрати до телевизија Канал 5 со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Генералниот менаџер на Канал 5, Иван С. Мирчевски, достави одговор на наводите на жалителот. Во одговорот, меѓу другото, се вели дека "Канал 5 ТВ ќе излезе во пресрет на Артан Груби, доколку добие барање за извинување директно од Артан Груби или од неговиот правен застапник". Канал 5 ТВ, се вели во одговорот, "НЕ МОЖЕ да се произнесе по Жалба која не ја добил", и дека барањето на СЕММ Канал 5 да се произнесе по истата е невозможно.

СЕММ неколку пати оствари комуникација со Артан Груби, информирајќи го за одговорот од Канал 5, но до определениот рок, СЕММ не доби повратна информација дали Артан Груби

оствaрил личен контакт со Канал 5. Не беа доставени ниту докази за понатамошно постапување.

Со оглед на тоа што се поминати деловничките рокови и странката не покажа понатамошна заинтересираност за решавање на спорот, на седницата на 06.07.2015 година, Комисијата за жалби одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски и Сефер Тахири.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски

---------------------------------------------

Претседател на Комисијата за жалби

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595